Во врска со известувањето пратено до мене, Д-р Дафина Богеска, од Претседателот на Централна Изборна комисија при СКМ, во кое тврди дека мојот текст на социјалните мрежи е невистинит во делот каде посочувам дека ЦИК бараше од нас како Регионален одбор да организираме вонредни избори за дополнување на испразнетото 4 место во регионот со оставка, можам да ги посочам следните факти и докази од кои и сами можете да видите кој ја кажува вистината.

1. Поради Дописот кој го добивме од Ваша страна и рокот кој беше наведен во истиот без правна поука за жалба или приговор, бидејќи немате доставено ниту Одлука за посочениот допис, немавме избор освен да го почитуваме Вашето барање, а притоа да не се соочиме со истата работа како колегата од еден скопски регион, кој беше даден на Судот на честа поради непочитување на одлука од ЦИК. Поради тоа се одржа и собир на доктори во Прилеп и се постапи по Вашиот допис во соодветниот рок, меѓутоа тоа не значи дека се согласуваме со дописот. Воедно паралелно испраќаме и Приговор до Надзорен одбор поради непочитување на процедурите од Правилникот за избори и отповикување.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА Скопје

| Примено: 20.02.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 168/2 | | |

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA

"Антон Попов" бр.1 влез4/1-5 1000 Скопје; тел/факс: 02 3246 852

Предмет: Спроведување на избори за дополнување на бројот на членови на регионални одбори на Стоматолошка комора на Македонија

Почитуван претседател на РО Прилеп, Македонски Брод, Крушево на Стоматолошка комора на Македонија, во вашиот РО, Централната изборна комисија распишува избори за дополнување на бројот на членови во РО, бидејќи од регионалниот одбор е добиен допис од д-р Катерина Талимџиоска до ЦИК со кој членот на овој РО поднесува оставка од местото член во РО Прилеп, Македонски Брод, Крушево(15-1616/1) со што треба да се дополни бројот на членови во регионот (пет члена), односно да се постапи согласно член 14, 15 и 16 од "Правилникот за избори и отповикување на членови во РО, делегати на Собрание и претседател на СКМ".

Централната изборна комисија на Стоматолошка комора на Македонија ве информира дека:

- ЦИК за РО Прилеп, Македонски Брод, Крушево има констатирано дека треба да се спроведе избор за дополнување за уште на еден члена во РО;

-собирот на доктори на РО на којшто ќе се изврши кандидирање на членовите во регионот треба да го спроведете најдоцна до 13.02.2019. Ве молиме до ЦИК да доставите пишана информација за денот на одржување на собирот во вашиот РО;

-Од РО до ЦИК по одржаниот собир на доктори на регион, најдоцна до 18.03.2019 год.треба да се достави список на присутни на собирот на регион (листа на присутни-во прилог), записник од собир на доктори по стоматологија (во прилог),

-Изјава од предложените кандидати дека ја прифаќаат кандидатурата со приложено CV и важечка лиценца. (Најмалку тројца за едно место за член на РО).

*Во прилог ви ја доставуваме процедурата за избор на членови во РО, список на присутни на собирот, записник од собир на доктори по стоматологија, изјава за прифаќање на кандидатура и правно мислење од Адвокатско друштво Ристовска-Вујиќ во врска со спроведувањето на избори за дополнување на членови во РО на СКМ арх.бр. од 15-1251/1 од 19.10.2018 год.

Сите контакти во врска со спроведувањето на изборите во РО може да ги остварите преку mail-адресата: jasminka@skm.mk или на stomatoloskakomoranamakedonija@gmail.com

Срдечно,

Стоматолошка комора на Македонија

Претседател на Централна изборна комисија

Д-р Ненад Цветановски

2. На ден 07.02.2019 до мене пристигна имеил со следниот текст:

„Почитувани, во врска со дописот од РО Прилеп, Крушево , Македонски Брод

Ве информираме дека ЦИК одржа седница на 07.02.2019 и во прилог Ви доставува информации и материјали."

Најпрво не ни е доставена Одлука врз основа на која е пратен овој допис, а ниту Записник од одржаната седница за да видиме дали е направен увид во извештајот на ЦИК од редовните избори 2018-2022, туку напротив, испратен ни е само допис без образложение за кое место ќе се организира изборот, на кое место ќе дојде петтиот член од регионот, како изборот ќе влијае на другите членови во регионот и како бројот на гласови од новиот избор ќе влијае на другите членови во регионот.

Во самиот допис се цитираат членовите 14, 15 и 16 од Правилникот за избори и отповикување, притоа не земајќи го во предвид Извештајот од ЦИК од редовните избори од овој изборен циклус 2018-2022, и неувидувајќи дека на извештајот на листата за нашиот регион имаше предложени 7 кандидати кои сите 7 кандидати имаат добиено гласови на редовните избори.

11. Регионален одбор Прилеп за подрачјето на општините: Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Македонски Брод и Пласница

11.1. Конечни изборни резултати

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на неупотребени гласачки ливчиња | | | 6 | 1 |
| Вкупен број на избирачи потпишани во изводот од избирачкиот список кои гласале | | | 8 | 8 |
| Вкупен број на неважечки гласачки ливчиња | | | | 2 |
| Вкупен број на важечки гласачки ливчиња | | | 8 | 6 |

| број на листа | КАНДИДАТ | ДОБИЕНИ ГЛАСОВИ | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | КАТЕРИНА ТАЛИМЏИОСКА | | 2 | 7 |
| 2 | ЈОВАН ГАГАЛЕСКИ | | 3 | 8 |
| 3 | ДАФИНА БОГЕСКА | | 5 | 5 |
| 4 | КРУМЕ ЧЕСНОСКИ | | 5 | 1 |
| 5 | ДЕЈАН МЛАДЕНОВИЌ | | 1 | 0 |
| 6 | ПАНДЕ БАЧАНОСКИ | | 2 | 7 |
| 7 | БИЛЈАНА БИСЕРКОСКА ТРАЈКОСКА | | 1 | 6 |

Воедно не е земено во предвид ниту правното мислење од Адвокатското друштво Ристовска Вујиќ кое самите ми го испраќате заедно со останатите материјали, во кое многу јасно е потенцирано во **ЗАКЛУЧОКОТ** кога треба да се организираат вонредни избори за пополнување на испразнети места во регионален одбор, односно **само таму каде предложените кандидати не добиле ниту еден глас,** што во нашиот регион не е таков случај (види конечни резултати). Врз основ на фактот што редовните избори важат за период од 4 години сите кои учествувале на нив и бројот на гласови кој го добиле важи во текот на 4 години. Според тоа, организирање на вонредни избори со кој се анулираат добиените гласови на предложените колеги на регуларните избори е противзаконско , противуставно и спротивно на Статутот на СКМ и Правилникот за избори и отповикување на членови на регионален одбор , делегати на собрание и Претседател на Стоматолошка комора на Македонија.

*Адвокатско Друштво*

*РИСТОВСКА & ВУЈИЌ*

*Ул. Аминта Трети бр.25/1-2, 1000 Скопје*

*Тел: 02/3116-308; Факс: 02/3230-075; e-mail: contact@lawoffice-ristovski.mk*

**До**

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**За**

**Централна Изборна комисија на Стоматолошка комора на Македонија**

**ПРЕДМЕТ:** Правно мислење – одговор на поставени прашања

**ПОДНОСИТЕЛ:** Адвокатско друштво РИСТОВСКА & ВУЈИЌ Скопје
Аминта трети број 25/1-2, 1000 Скопје

Почитувани,

1. По укажувањата за испразнети места во регионални одбори, односно констатацијата дека во одредени регионални одбори и по спроведените избори во Комората одредени регионални одбори го немаат предвидениот број на членови определен со внатрешните акти на СКМ, за пополнување на испразнетите места го даваме следното мислење:

Согласно член 14 од Правилникот за избор и отповикување на членови на регионални одбори, делегати на Собрание и претседател на СКМ за избрани членови во регионални одбори **се сметаат кандидатите кои добиле најголем број на гласови од сите предложени доктори.**
Членот 15 точка 1 алинеја 3 предвидува кој може да биде предложен за член на регионален одбор, а подршката од најмалку 5 присатни доктори согласно член 16 од **Правилникот значи дека докторот се смета за предложен кандидат за член на регионален одбор, но не и дека истиот ако не добие глас станува член на регионалниот одбор.**

**Заклучок: Во регионалните одбори каде предложените кандидати не добиле гласови и регионалните одбори се во непоптполн состав ( согласно член 14 од Правилникот) треба да се спроведат избори за пополнување на бројот на членови на регионални одбори.**
**Изборот треба да се спроведе во редовна процедура согласно правилникот.**

2. Законот за здравствена заштита, како и внатрешните акти на СКМ не предвидуваат неспоивост на функцијата претседател или заменик претседател со членување во регионален одбор, а во член 57 од Правилникот се децидно наброени случаите кога престанува мандатот на член на регионален одбор.

**Заклучок: Со избор и преземање на функција претседател или заменик претседател на СКМ не се испразнуваат места во регионални одбори, во регионите од каде потекнуваат избраните лица.**

**За дополнителни појаснувања Ви стоиме на располагање,**

**Со почит,**
**Скопје, 15.10.2018 година**

**Подносител**

*Адвокат Смиљана Вујиќ* *Адвокат Наталија Дарковска* *Адвокат Анета Ефремовска*

Исто така, сакам да напоменам дека бевте и лично исконтактиран од подпретседателот на Р.О Прилеп , при што ви сугерираше на направениот превид, но не го зедовте тоа во предвид, а во известувањето тврдите дека не сме Ве контактирале.

Поради сите овие наведени факти и докази, БАРАМ јавно извинување од страна на Претседателот на ЦИК, ЦИК да си ја преиспита одлуката за одржување на вонредни избори за пополнување на испразнето место во регион Прилеп, а претседателот на ЦИК да размисли дали треба да го отстапи местото на некој што совесно ќе ја врши таа функција, поради оштета на предложените кандидати од Прилеп кои на последните избори освоија гласови и кои поради оставката од Д-р Катерина Талимџиоска треба сите членови и кандидати со освоени гласови после неа да дојдат за една позиција нагоре т.е петтиот член да биде четврти, шестиот кандидат да стане петти член итн. со што во иднина би имале можност да станат и делегати доколку некој од делегатите си поднесе оставка и поради јавна клевета упатена кон мене дека сум кажала невистина на социјалните мрежи.

Д-р Дафина Богеска